ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-147/13**

**Дата: 24.08.2010**

ДО

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за образование и наука (во понатамошниот текст МОН) на сметката за отплата на студентски кредити за 2009 година .

Претходно извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на сметката за отплата на студентски кредити за 2007 година .

Во однос на финансиските извештаи за 2007 година, ревизијата не изрази уверување во целосноста на остварените приходи по основ на отплата на кредити од страна на студентите, кои се делумно ослободени од обврската за враќање. Ревизијата препорача редовно следење на покажаниот успех во студиите, бидејќи истиот го детерминира целосното или делумното ослободување од обврската за враќање на кредитот.

Во 2009 година, МОН делумно постапило по препораката утврдувајќи само дали корисниците на студентски кредити ги исполнуваат договорните услови, но повторно не ги евидентирало побарувањата за износот на неослободениот дел од студентските кредити, поради што ревизијата не изрази уверување за објективноста на пренесениот вишок на приходи од 2008 во 2009 година и остварените приходи во 2009 година.

Како резултат на наведеното, ние не изразивме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2009 година , ниту мислење за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи со условите од договорите за студентски кредити.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 9 до 10 заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за образование и наука на сметката за отплата на студентски кредити во образованието за 2009 година, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на сметката за отплата на студентски кредити во образованието за 2007 година и изразено е воздржување од давање на мислење , додека за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи за 2007 година изразено е негативно мислење.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

-Перо Стојановски –министер од 13.10.2008 година до 07.08.2009 година
-Никола Тодоров – министер од 07.08.2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Министерството за образование и наука се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Ние не бевме во можност да обезбедиме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од

ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Поради неможноста за добивање на ревизорски докази за преовладувачки износи во финансиските извештаи, ние не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување мислење за финансиските извештаи.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 08.03.2010 година до 31.05.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

3.1. Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на ОДР за 2007 година. Подолу се дадени резултатите од оваа ревизија:

**Наод 10.1.1 во Конечниот извештај на ОДР од 2007 година**

Ревизијата не изрази уверување во целосноста на остварените приходи во износ од 1.389 илјади денари во 2007 година по основ на наплата на одобрени студентски кредити. Причина за неуверувањето е невоспоставената аналитичка евиденција на побарувањата за доделените кредити од студенти кои делумно биле ослободени од обврската за враќање.

**Препорака**

Ревизијата препорача редовно следење на покажаниот успех во студиите на корисниците на студентски кредити, бидејќи тој го детерминира целосното или делумното ослободување од обврската за враќање на кредитот. Од тие причини, ревизијата препорача МОН да воспостави евиденција на побарувањата по основ на неослободениот дел од доделените студентски

кредити по корисници, преку која би се следеле обврските за враќање на кредитите.

**Тековен статус на препораката**
Препораката е делумно спроведена. Во 2009 година МОН утврдило дали корисниците на студентски кредити од учебната 1998/99 до 2007/08 година ги исполнуваат условите согласно договорите за целосно или делумно ослободување од обврската за враќање. Министерството не ги евидентирало побарувањата за неослободениот дел од студентските кредити, ниту доставило решенија до студентите кои се само делумно ослободени од обврската за враќање на искористените студентски кредити.

**Коментар на субјектот по дадената препорака**
Одделението за ученички и студентски стандард информираше дека невоспоставувањето на евиденцијата на побарувањата по основ на неослободениот дел од доделените студентски кредити по корисници се должи на недостигот на човечки ресурси и ограничените можности на програмската апликација.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 09.06.2010 година. Нацрт извештајот беше доставен до раководството на субјектот на ден 18.06.2010 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 09-147/9 од 18.06.2010 година.

### 4.1. Финансиски извештаи

4.1.1. Ревизијата не изрази уверување во целосноста на остварените приходи во 2009 година по основ на враќање на студентски кредити во износ од 309 илјади денари, поради се' уште невоспоставената аналитичка евиденција на побарувањата по корисници на студентски кредити. Во текот на 2009 година, МОН го утврдило статусот на студентите кои ги исполниле условите за целосно или делумно ослободување, но не ги евидентирало побарувањата од студентите за неослободениот дел од студентските кредити, ниту доставило решенија до студентите кои се само делумно ослободени од обврската за враќање на искористените студентски кредити.

**Препорака**
Со оглед дека е веќе утврден статусот на најголем дел од студентите кои ги исполниле условите за целосно или делумно ослободување, ревизијата укажува дека МОН за неослободениот (преостанатиот) дел од студентските кредити, да изврши аналитичко евидентирање на побарувањата и доставување решенија за делумно ослободување од обврската за враќање на искористен студентски кредит.

## 5. Ревизорско мислење

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради ефектот од наодот изнесен во точката 4.1.1. кој се однесува невоспоставената аналитичка евиденција на побарувањата по корисници на студентски кредити, која ќе обезбеди следење на отплатата на кредитите, ревизијата се воздржа од давање на мислење за финансиските извештаи.

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањето изнесено во точката 4.1.1., ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на сметката за отплата на студентски кредити во образованието на ден 31 декември 2009 година .

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Поради ограничување на делокругот објаснет во точката 4.1.1., ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката за отплата на студентски кредити во образованието, се во согласност со условите од договорите за студентски кредити.

Скопје, 29.07.2010 година

*Овластен државен ревизор*

________________________

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | 2009 | 2008 |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 3,310 | 3,054 |
| **Вкупно тековни средства** | **3,310** | **3,054** |
| **Вкупна актива** | **3,310** | **3,054** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 3,310 | 3,054 |
| **Вкупно тековни обврски** | **3,310** | **3,054** |
| **Вкупна пасива** | **3,310** | **3,054** |

| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | | **2009** | | **2008** |
| **Актива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни средства** | | | | |
| Парични средства | | 3,310 | | 3,054 |
| **Вкупно тековни средства** | | **3,310** | | **3,054** |
| | | | | |
| **Вкупна актива** | | **3,310** | | **3,054** |
| | | | | |
| **Пасива** | | | | |
| | | | | |
| **Тековни обврски** | | | | |
| Пасивни временски разграничувања | | 3,310 | | 3,054 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **3,310** | | **3,054** |
| | | | | |
| **Вкупна пасива** | | **3,310** | | **3,054** |